Број на Службен весник:/
Датум на објава на Службен весник:/
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

# ЗАКОН ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на законот

**Член 1**

(1) Со овој закон се уредува финансирањето на единиците на локалната самоуправа (во натамошниот текст: општина).

(2) Финансирањето на градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа се уредува со овој закон и со Законот за градот Скопје.

Дефиниции

**Член 2**

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Поимот општина го вклучува градот Скопје, освен ако поинаку не е утврдено со овој закон;
2. Сопствени извори на приходи се локални даноци, локални такси и локални надоместоци, приходи од сопственост на општината, самопридонес, парични казни, донации и други приходи утврдени со закон;
3. Буџет е годишен план за финансирање на надлежностите на општината, кој се состои од годишна процена на приходите по извори и на расходите по намени;
4. Општински буџетски корисници се органите на општината и јавните служби основани од општината;
5. Локален данок е данок за кој општината ја утврдува висината на стапката во рамките определени со закон;
6. Локална такса е паричен надоместок за услугите и правата кои општинските органи ги даваат на правни и физички лица, чија висина ја утврдува општината во рамките определени со закон;
7. Локален надоместок е паричен надоместок за покривање на трошоците поврзани со услуги кои општинските органи ги даваат на правни и физички лица, чија висина ја утврдува општината во согласност со закон;
8. Дотација е трансфер од Буџетот на Република Македонија и буџетите на фондовите до буџетот на општината;
9. Приходи од данок на додадена вредност се дел од приходите од данок на додадена вредност што се распределуваат по општини;
10. Наменска дотација е дотација наменета за финансирање на конкретна активност;
11. Капитална дотација е дотација наменета за финансирање на општински проекти за капитални инвестиции;
12. Блок дотација е дотација наменета за финансирање на надлежностите во определена област утврдена со закон;

13. Дотација за делегирана надлежност е трансфер на средства од буџетот на органот на државната управа до буџетот на општината, што се користат за финансирање на делегирана надлежност;

14. Приходи од сопственост на општината се приходи од право на сопственост на имот, финансиски средства и права и

15. Задолжување е постапка за создавање на финансиски обврски со склучување на договор за заем и/или издавање на хартии од вредност;

16. Гаранција од општина е потенцијална обврска за плаќање, преземена од општината, во име на јавното претпријатие и трговското друштво кои се во целосна или во доминантна сопственост на општината, за чија сметка е издадена гаранцијата;

17. Краткорочна позајмица се парични средства обезбедени од Централниот буџет на Република Македонија со цел за надминување на временска неусогласеност на приходите и другите приливи со расходите и другите одливи со обврска за враќање до крајот на тековната фискална година во која истата е одобрена, без камата и

18. Долгорочна позајмица се парични средства обезбедени од Централниот буџет на Република Македонија со обврска за враќање најмногу до пет години, без камата.

19. Сопствени приходи на основен буџет на општина се даночни приходи, неданочни приходи, капитални приходи и трансфери без дотација од данокот од додадена вредност.

## II. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНАТА

Извори на финансирање

### Член 3

Извори на финансирање на општината се: сопствени извори на приходи, дотации на средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите и задолжувањето.

Сопствени извори на приходи

### Член 4

Сопствени извори на приходи се:

1. Локални даноци утврдени со закон:

- данок на имот;
- данок на наследство и подарок утврден со закон;
- данок на промет на недвижности и
- други локални даноци утврдени со закон;

2. Локални такси утврдени со закон:

- комунални такси;
- административни такси и
- други локални такси утврдени со закон;

3. Локални надоместоци утврдени со закон:

- надомест за уредување на градежно земјиште;
- надоместоци од комунална дејност;
- надоместоци за просторни и урбанистички планови и
- други локални надоместоци утврдени со закон;

4. Приходи од сопственост:

- приходи од закупнина;
- приходи од камати и
- приходи од продажба на имот со чија продажба не се нарушуваат јавните функции и надлежности на општините;

5. Приходи од донации;

6. Приходи од парични казни утврдени со закон;

7. Приходи од самопридонес и

8. Други приходи утврдени со закон.

Приходи од персонален данок на доход

## Член 5

(1) Општините остваруваат приходи од персонален данок од доход наплатени во тековната година.

(2) Приходите од персонален данок на доход наплатени во тековната година се распоредуваат по општини, и тоа:

- 3% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од физички лица наплатен во општината во која се пријавени со постојано живеалиште и престојувалиште и
- 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност, регистрирани согласно со Законот за занаетчиската дејност, на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста.

Приходи од донации

## Член 6

(1) Донациите во финансиски средства претставуваат приход на буџетот на општината.

(2) Донациите во ствари се евидентираат во имотот на општината.

(3) Намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава советот на општината.

Приходи од самопридонес

## Член 7

(1) За задоволување на определени потреби на граѓаните, општината може да воведе самопридонес преку референдум.

(2) Со одлука на советот на општината се уредува намената, обласга, времето за кое се воведува самопридонесот, вкупниот износ на средствата кои се собираат, обврзниците на самопридонесот, лицата кои се ослободуваат од плаќање на самопридонес, висината на самопридонесот (основицата и стапката), начинот на пресметување, вршењето на надзорот од граѓаните над наменското користење на средствата и други прашања.

Дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите

## Член 8

(1) Со дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.

(2) Од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се распределуваат следниве видови на дотации:

- приходи од данок на додадена вредност;
- наменска дотација;
- капитална дотација;
- блок дотација и
- дотација за делегирана надлежност.

(3) Видот, износот и распределбата на дотациите по општини се составен дел на Буџетот на Република Македонија и на буџетите на фондовите.

(4) Надлежните министерства и фондовите најдоцна до 30 април во тековната година, ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на наменски и капитални дотации.

Приходи од данок на додадена вредност

## Член 9

(1) Приходите од данок на додадена вредност се дотација за финансирање на надлежностите на општината утврдени со закон.

(2) Приходите од данок на додадена вредност се обезбедуваат во висина од:

- 4,5 % од вкупно наплатениот данок на додадената вредност остварен во претходната фискална година.

(3) Распределбата на приходите од данок на додадена вредност се врши најмалку 50% според критериумот по жител и други критериуми утврдени со Уредбата за методологија за распределба на приходите од данок на додадена вредност што ја донесува Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија ја донесува Уредбата на предлог на министерот за финансии со претходна согласност на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините најдоцна до 30 јуни во тековната година за наредната година.

(4) Со Уредбата од ставот (3) на овој член за градот Скопје се утврдуваат посебни критериуми со кои се коригираат значителните разлики на градот Скопје во однос на општините во Република Македонија.

(5) За користењето на приходите од данок на додадена вредност, општината одлучува самостојно.

Наменска дотација

## Член 10

(1) Наменската дотација се користи за финансирање на конкретна активност.

(2) Надлежните министерства и фондовите му предлагаат на Министерството за финансии распределба на наменските дотации по општини, по проект и институција и/или програми со буџетската пресметка за следната буџетска година.

(3) Надлежните министерства и фондовите го следат користењето на наменската дотација.

(4) При констатирање на неправилностите во користењето на дотацијата, надлежните министерства и фондовите ја запираат исплатата на средствата и за тоа го известуваат Министерството за финансии.

Капитална дотација

## Член 11

(1) Капиталната дотација врз основа на програма утврдена од Владата на Република Македонија, се користи за финансирање на инвестициони проекти.

(2) Надлежните министерства и фондовите при распределбата на капиталните дотации, приоритет даваат на проектите со целосно обезбедени финансиски средства.

(3) Надлежните министерства и фондовите го следат користењето на капиталната дотација.

(4) При констатирање на неправилностите во користењето на дотацијата, надлежните министерства и фондови ја запираат исплатата на средствата и за тоа го известуваат Министерството за финансии.

(5) Кај општините кај кои ќе се констатира ненаменско трошење на средствата, може да се стопира финансирањето на капитални инвестиции.

Блок дотација

## Член 12

(1) Блок дотацијата се користи за финансирање на надлежности утврдени во членот 22 точки 5, 7, 8 и 9 од Законот за локалната самоуправа, преку конкретни програми.

(2) Надлежните министерства и фондовите изготвуваат методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите, која се базира на формула со користење на соодветни показатели на потребите за секоја програма. Владата на Република Македонија донесува Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите на предлог на надлежното министерство по претходна согласност на Министерството за финансии и Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините.

(3) Висината на блок дотацијата не може да биде помала од износот на средствата од Буџетот на Република Македонија кои се користат за таа намена за таа област во претходната година од годината во која се пренесува соодветната надлежност.

(4) Блок дотацијата се искажува на соодветни позиции кај буџетските корисници во Буџетот на Република Македонија и во буџетите на фондовите.

Дотација за делегирана надлежност

## Член 13

(1) Дотацијата за делегирана надлежност се користи за финансирање на делегираната надлежност од орган на државната управа на градоначалникот на општината.

(2) Средствата за делегираната надлежност се обезбедуваат од утврдениот износ за надлежниот орган на државната управа во Буџетот на Република Македонија.

(3) Дотацијата за делегираната надлежност се трансферира на начин кој овозможува навремено извршување на делегираните работи.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на општината, склучуваат договор за регулирање на меѓусебните односи сврзани со дотацијата за делегирана надлежност .

(5) Доколку градоначалникот на општината не ја изврши делегираната надлежност, средствата примени за финансирање на делегираната надлежност е должен да ги врати во Буџетот на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на кој требало да отпочне со вршење на делегираната надлежност од ставот (1) на овој член, согласно со договорот од ставот (4) на овој член, освен ако постоеле објективни пречки.

(6) Органот на државната управа го известува Министерството за финансии за склучените договори за делегирана надлежност.

Рокови за известување на општините

## Член 14

Министерот за финансии, најдоцна до 30 септември во тековната година, со буџетски циркулар ја известува секоја општина одделно за видот и висината на дотациите за наредната буџетска година.

Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините

## Член 15

(1) Владата на Република Македонија формира Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините (во натамошниот текст: Комисијата) по предлог на министерот за финансии.

(2) Комисијата ги врши следниве работи:

- ја следи примената на критериумите за распределба на дотациите,
- предлага мерки за подобрување на системот на дотации,
- дава препораки за надминување на констатирани недостатоци при распределбата на дотациите,
- ја следи транспарентноста на процедурите и нивна доследна реализација при распределбата на средставата од дотациите,
- изготвува полугодишни и годишни извештаи за развојот на системот за финансирање на општините во кои утврдува предлози за подобрување на системот,
- го следи наменското користење на дотациите и
- дава мислење на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данок на додадена вредност и на Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите.

(3) Комисијата ја сочинуваат претставници од:

- Министерството за локална самоуправа, еден член,
- Министерството за финансии, еден член,
- Министерството за образование и наука, еден член,
- Министерството за труд и социјална политика, еден член и
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија, пет члена.

(4) Комисијата од своите членови избира претседател на Комисијата, на првата конститутивна седница.

(5) Комисијата може да побара податоци потребни за вршење на работите од ставот (2) на овој член од надлежните министерства во зависност од видот на податоците.

(6) Извештаите од ставот (2) алинеја 5 на овој член, кои ги подготвува Комисијата ги доставува до Министерството за финансии.

(7) Министерството за финансии за извештаите од ставот (6) на овој член ја информира Владата на Република Македонија.

(8) Комисијата за својата работа донесува деловник за работа.

(9) Административните работи за потребите на Комисијата од ставот (1) на овој член, ги врши Министерството за финансии.

## III. УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ПРИХОДИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

Утврдување и наплата на сопствените приходи

### Член 16

(1) Работите на утврдување и наплата на сопствените приходи на општините утврдени со закон ги врши општинската администрација.

(2) За вршење на работите од ставот (1) на овој член, општината може да склучи договор со друга општина  или со Управата за јавни приходи.

Трансфер на дотациите од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите

### Член 17

(1) Дотациите од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се трансферираат согласно со прописите за трезорско работење.

(2) Трансферот на приходите од данок на додадена вредност и блок дотациите од Буџетот на Република Македонија до буџетот на општината се врши во најмалку 12 рати.

(3) Дотациите од ставот (1) на овој член се трансферират најдоцна до последниот работен ден во месецот за претходниот месец, освен последната рата, која се трансферира најдоцна до 15 декември во тековната буџетска година.

## IV. ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Задолжување

### Член 18

(1) Општината може да се задолжува во земјата и странство според условите утврдени со овој и со друг закон.

(2) Постапката за задолжување општините јазапочнуваат со согласност на Министерството за финансии.

(3) Општината може да се задолжи или да издаде гаранција по претходно донесена одлука на советот на општината. Одлуката на советот важи само доколку договорот за задолжување или издавање на гаранција се склучи во фискалната година во која истата е донесена.

(4) Општината го доставува договорот за заем и амортизационен план до Министерството за финансии во рок од десет работни дена од денот на неговото потпишување.

(5) Општината може да се задолжува преку издавање на хартии од вредност во согласност со закон.

Обезбедување на задолжувањето

### Член 18-а

Општината при обезбедување на задолжувањето, не може да воспостави заложно право врз имот, кој служи за вршење на дејности од јавен интерес утврдени со закон.

Краткорочно задолжување

**Член 19**

(1) Општината може да се задолжува краткорочно со заем што ќе се отплати во рок од 12 месеца од денот на склучувањето на договорот за задолжување.

(2) При краткорочно задолжување, вкупниот долг на општината направен по основ на краткорочно задолжување и краткорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија во текот на фискалната година, не може да надмине 30% од реализираните вкупни приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната фискална година.

Долгорочно задолжување

**Член 20**

(1) Општината може долгорочно да се задолжува за:

- финансирање на капитални проекти и инвестиции,
- финансирање на преземени обврски,
- обврски по основ на земени позајмици и
- заштита и отстранување на последици предизвикани од природни непогоди и од еколошки катастрофи.

(2) Советот на општината го одобрува долгорочното задолжување, по претходно одржана јавна расправа во општината. Предмет на јавната расправа е опис на проектот и условите за негово финансирање.

(3) При долгорочно задолжување, вкупната годишна отплата на долгот (главнина, камата и други трошоци) направен врз основа на долгорочно задолжување и долгорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија не може да надмине 30% од вкупните приходи на тековно- оперативниот буџет на општината во претходната фискална година.

(4) Вкупниот износ на недостасан долгорочен долг на општината, вклучувајќи ги и сите издадени гаранции не може да го надмине износот на вкупните приходи на тековнооперативниот буџет на општината во претходната година.

(5) Средствата обезбедени со долгорочно задолжување се користат за намената за којашто се одобрени.

Издавање гаранции

**Член 21**

(1) Јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на општината основани од општината можат да се задолжат само по претходно издадена гаранција од советот на општината за што советот донесува одлука.

(2) Трошоците за евентуално плаќање по основ на издадената гаранција општината ги резервира во буџетот.

(3) Градоначалникот на општината е должен да го известува Министерството за финансии за секоја издадена гаранција, во рок од десет дена од денот на нејзиното издавање.

## V. БУЏЕТ НА ОПШТИНАТА

Буџет на општината

**Член 22**

(1) Буџетот на општината се изготвува, донесува и извршува во согласност со Законот за буџетите, ако со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Сопствените приходи на основниот буџет на општината може да се планираат со пораст од најмногу 30% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција.

(3) По исклучок на ставот (2) на овој член општината може да го надмине максималниот износ на планирани сопствени приходи на основниот буџет само доколку има обезбедено потврда за трансфер на средства од соодветна институција или во случај на промени кои се однесуваат на висината и видот на сопствени приходи на основниот буџет, утврдени со закон.

(4) Општината во текот на годината може да го надмине максималниот износ на планирани сопствени приходи на основниот буџет утврдени од ставовите (2) и (3) на овој член, во случај кога ќе добие трансфер на средства од соодветна институција или во случај на промени кои се

однесуваат на висината и видот на сопствени приходи на основниот буџет утврдени со закон, врз основа на Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на општината донесена од Советот на општината.

(5) Буџетот на општината не се вчитува во трезорот на Министерството за финансии, доколку донесениот буџет од Советот на општината е изготвен спротивно од одредбите од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Расходите се извршуваат во согласност со прописите за нивно извршување, а во рамките и намените утврдени во буџетот.

Содржина на буџетот

**Член 23**

(1) Буџетот на општината се состои од општ , од посебен дел и развоен дел.

(2) Општиот дел содржи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно-оперативни приходи и расходи и
- биланс на капитални приходи и расходи.

(3) Во посебниот дел на буџетот се прикажани расходите според класификацијата на расходите што ја пропишува министерот за финансии, групирани според корисници и програми.

(4) Посебниот дел на буџетот содржи и анекси кои се однесуваат на:

- финансиски планови (биланс на приходи и расходи) на јавните служби основани од општината кои целосно или делумно се финансираат од буџетот на општината и
- образложение на буџетот.

(5) Развојниот дел го содржи планот на програмите за развој на општините.

(6) Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства по:

- одделни буџетски програми и потпрограми,
- години во кои истите ќе се реализираат и
- извори на финансирање, односно буџети.

(7) Планот на програмите за развој од ставот (6) на овој член се ревидира секоја година.

(8) Со донесувањето на буџетот, советот на општината донесува одлука за извршување на буџетот.

Биланс на тековно-оперативни приходи и расходи

**Член 24**

(1) Тековно - оперативни приходи на буџетот на општината се сите приходи освен дотациите од Буџетот на Република Македонија и буџетите на фондовите наменети за финансирање на капитални инвестиции,средствата од самопридонес и средствата обезбедени преку заеми.

(2) Тековно-оперативни расходи на буџетот на општината се сите расходи и отплатата на каматата врз основа на долгорочното задолжување, освен капиталните расходи.

Биланс на капиталните приходи и расходи

**Член 25**

(1) Капитални приходи на буџетот на општината се дотациите од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите за финансирање на капитални инвестиции, средствата од самопридонес, од донации и од други извори на приходи.

(2) Капитални расходи на буџетот на општината се расходите за капитални инвестиции и капитални трансфери.

Наменско користење

**Член 26**

Средствата од буџетот на општината можат да се користат само за намените и во износите утврдени во буџетот.

Буџетски процес

**Член 27**

(1) Министерот за финансии, најдоцна до 30 септември во тековната година, изготвува буџетски циркулар за наредната година.

(2) Со буџетскиот циркулар општините се известуваат за основните макроекономски индикатори, главните насоки за изготвување на општинскиот буџет, максимални износи на сопствени приходи на основниот буџет, дотациите за општината што ќе се трансферираат од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на фондовите, како и од приходите од други извори.

(3) Во буџетскиот циркулар се утврдува формата и содржината на буџетот на општината.

(4) Роковите за планирање на општинскиот буџет се регулираат со буџетски календар донесен од советот на општината.

(5) Со буџетскиот календар се утврдуваат роковите во кои:

- градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови;
- општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот и
- градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до советот на општината.

Донесување на буџетот

**Член 28**

(1) Советот на општината го донесува буџетот за наредната година најдоцна до 31 декември во тековната година, по сметки, по потпрограми и по ставки.

(2) Доколку Советот на општината не го донесе буџетот на општината до 31 декември во тековната година, е должен да донесе одлука за времено финансирање и финансиски план за нејзино спроведување за периодот од 1 јануари до 31 март за тековната година.

(3) Градоначалникот одобрува исплата на средства по сметки, по потпрограми и ставки од буџетот, но најмногу до една третина од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март, а имајќи ги предвид и готовинските текови.

(4) Висината на една третина од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година по сметки, по потпрограми и по ставки ја пресметува Министерството за финансии.

(5) Финансискиот план за спроведување на временото финансирање на општината е составен дел на буџетот за тековната година.

Ребаланс на буџетот

**Член 29**

(1) Доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината, во согласност со закон.

(2) Ребаланс на буџетот на општината се донесува во постапка според која се донесува буџетот на општината.

Извршување на буџетот

**Член 30**

(1) За извршување на буџетот е одговорен градоначалникот на општината.

(2) Потписник на сметката на буџетот на општината е градоначалникот на општината или во негово отсуство, од него две овластени лица вработени во општинската администрација.

(3) Општината за користење на средствата на буџетот, доставува годишни и квартални финансиски планови по сметки, по потпрограми и по расходни ставки.

(4) Општината води евиденција на преземените обврски, која опфаќа пријавување, промена и поништување на пријавените преземени обврски, согласно со прописите за трезорско работење.

(5) Општината не може да изврши плаќање доколку одговорниот сметководител претходно писмено не потврди дека расходот е одобрен во буџетот и дека се обезбедени потребните средства.

Буџетска резерва

**Член 31**

(1) Во буџетот на општината за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи можат да се планираат средства како постојана и тековна резерва.

(2) Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на општината.

(3) За користење на средствата на резерви од ставот (1) на овој член одлучува советот на општината.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, за користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува градоначалникот.

(5) Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Периодични финансиски извештаи

**Член 32**

(1) Општинските буџетски корисници во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува до градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови.

(2) Градоначалникот доставува до Министерството за финансии и до советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршување на кварталот.

(3) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на извештаите.

(4) По усвојувањето на извештаите од ставот (2) на овој член, за содржината на извештаите, градоначалникот ја известува јавноста. Доколку извештаите не бидат усвоени претседателот на советот јавно ги објавува причините за неусвојување на истите.

## VI. ГОДИШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА

Донесување на годишна сметка

**Член 33**

(1) По истекот на фискалната година, советот на општината донесува годишна сметка на буџетот на општината.

(2) Годишната сметка ги содржи сите елементи што ги содржи буџетот на општината искажани како планирани и остварени приходи и расходи за сите општински буџетски корисници.

(3) Градоначалникот ја доставува годишната сметка за донесување до советот на општината, најдоцна до 28 февруари во наредната година.

(4) Советот ја донесува годишната сметка најдоцна до 15 март во тековнатата година, за претходната година и ја доставува до Министертвото за финансии, најдоцна до 31 март во тековната година.

(5) По донесувањето на годишната сметка, градоначалникот за нејзината содржина ја информира јавноста.

Годишен извештај

**Член 34**

(1) Советот на општината усвојува годишен извештај.

(2) Составен дел на годишниот извештај се:

- годишната сметка;

- извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност;

- извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности и

- извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

## VII. СМЕТКОВОДСТВЕНА ЕВИДЕНЦИЈА, КОНТРОЛА И РЕВИЗИЈА

Водење на сметководство

**Член 35**

(1) Општината и јавните служби основани од општината, водат сметководствена евиденција согласно со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Градоначалникот и одговорниот сметководител се одговорни за примената на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Одговорен сметководител

**Член 36**

Градоначалникот на општината одредува одговорен сметководител, кој има завршено економски факултет и најмалку пет години работно искуство во областа на финансиите.

*Внатрешна ревизија*

***Член 37***

*(1) Општината воспоставува систем и процедури за внатрешна ревизија согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии.*

*(2) Советот на општината ги назначува внатрешните ревизори на предлог на градоначалникот.*

*(3) Внатрешниот ревизор треба да има завршено економски или правен факултет и најмалку две години работно искуство во областа на финансиите.*

*(4) Внатрешниот ревизор е независен и е одговорен пред градоначалникот и пред советот.*

*(5) Извештаите на внатрешната ревизија им се доставуваат на градоначалникот и на советот на општината.*

*(6) За вршење на работите на внатрешната ревизија, општините можат да склучат договор со друга општина.*

***Забелешка:** Овој член престанал да важи согласно со член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/07)*

Надворешна ревизија

**Член 38**

Државниот завод за ревизија врши редовни годишни ревизии на сите финансиски извештаи на општината, во согласност со Законот за државната ревизија.

## VIII. ФИНАНСИСКА НЕСТАБИЛНОСТ НА ОПШТИНАТА

Финансиска нестабилност

**Член 39**

(1) Финансиска нестабилност на општината настанува доколку:

- сметката на општината е блокирана подолго од шест месеци или
- во период од шест месеци, континуирано секој месец, со состојба на крајот на месецот, вкупниот износ на неизмирени обврски над 60 дена, надминува 80% од реализираните приходи на основниот буџет на општината во претходната година.

(2) Градоначалникот на општината е должен да донесе одлука за прогласување на финансиска нестабилност најдоцна во рок од пет дена од настанување на една од причините од ставот (1) на овој член.

(3) Градоначалникот на општината го известува советот на општината, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за прогласување на финансиската нестабилност.

Координација на процесот за надминување на финансиската нестабилност на општината

## Член 40

(1) Министерството за финансии во рок од пет дена по добивањето на известувањето од членот 39 став (3) на овој закон формира Координативно тело составено од пет члена и тоа претседател и еден член од Министерството за финансии, еден член од Министерството за локална самоуправа и два члена од Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија.

(2) Градоначалникот на општината е должен да учествува во работата на Координативното тело и да ги доставува сите информации, документација и извештаи потребни за работата на Координативното тело.

(3) Градоначалникот на општината најдоцна во рок од 15 дена по формирањето на Координативното тело му доставува предлог-план на мерки за надминување на финансиската нестабилност.

(4) Координативното тело до градоначалникот на општината дава мислење по предлогпланот на мерки за надминување на финансиската нестабилност во рок од 15 дена од денот на неговото доставување.

(5) Градоначалникот на општината е должен да постапи по мислењето на Координативното тело за што во рок од пет дена го известува Координативното тело.

(6) Координативното тело за својата работа донесува деловник за работа.

(7) Административните работи за потребите на Координативното тело од ставот (1) на овој член, ги врши Министерството за финансии.

Мерки за надминување на финансиската нестабилност на општината

## Член 41

(1) Градоначалникот на општината од денот на настанување на причините за финансиската нестабилност не може да:

- започне финансирање на нови капитални проекти и инвестиции,
- започне постапка за јавна набавка со која може да се зголемуваат финансиските обврски,
- предлага основање јавни претпријатија и локални јавни установи,
- започне постапка за нови вработувања и унапредувања на постојните вработени и
- донесе одлука за избор на најповолен понудувач за сите започнати постапки за јавни набавки.

(2) Советот на општината го усвојува планот на мерки за надминување на финансиска нестабилност најдоцна во рок од 15 дена од денот на доставувањето.

(3) Во рок од 15 дена од усвојувањето на планот на мерки за надминување на финансиската нестабилност на општината, градоначалникот подготвува предлог-буџет, односно предлог за изменување и дополнување на буџетот на општината со цел имплементирање на мерките за надминување на финансиската нестабилност на општината.

(4) Советот на општината го усвојува буџетот, односно изменување и дополнување на буџетот од ставот (3) на овој член во рок од 15 дена од денот на доставувањето.

(5) Доколку финансиска нестабилност не се надмине во тековната фискална година, за наредната фискална година, градоначалникот е должен да предложи буџет во согласност со усвоениот план на мерки за надминување на финансиската нестабилност на општината.

Надминување на финансиската нестабилност

**Член 42**

(1) Финансиската нестабилност е надмината доколку сметката на општината е деблокирана и вкупниот износ на неизмирени обврски над 60 дена не надминува 80% од реализираните приходи на основниот буџет на општината во претходната година.

(2) По исполнување на условите за надминување на финансиската нестабилност од ставот (1) на овој член градоначалникот на општината најдоцна во рок од пет дена донесува одлука за престанок на финансиската нестабилност на општината.

(3) Градоначалникот на општината за престанок на финансиската нестабилност веднаш го известува советот на општината, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија.

(4) По добивање на известувањето од ставот (3) на овој член Координативното тело престанува со своето работење.

Известување за извршување на Планот

**Член 43**

(1) Градоначалникот на општината до советот на општината, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа и Заедницата на единиците на локалната самоуправа еднаш месечно доставува детален извештај за реализација на планот на мерки за надминување на финансиската нестабилност на општината, додека трае финансиската нестабилност на општината.

(2) Извештајот за реализација на мерките за надминување на финансиската нестабилност задожително треба да биде одобрен и потпишан од градоначалникот на општината и од овластениот внатрешен ревизор.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член кога во општината нема овластен внатрешен ревизор извештајот го потпишува градоначалникот на општината.

Краткорочна позајмица од Буџетот на Република Македонија

**Член 43-а**

(1) За надминување на состојбата на привремен недостиг на парични средства, односно временска неусогласност на приходите и другите приливи со расходите и другите одливи, на општината може да и се одобри краткорочна позајмица, со обврска за враќање до крајот на фискалната година во која позајмицата е одобрена, без камата од Централниот буџет на Република Македонија.

(2) Позајмицата на општината од Централниот буџет на Република Македонија ја одобрува Владата на Република Македонија со одлука, на предлог на министерот за финансии по претходно доставено писмено барање од општината.

(3) Министерот за финансии поблиску го пропишува начинот на постапување при одобрување и враќање на краткорочната позајмицата на општината од Централниот буџет на Република Македонија.

(4) Во случај општината средствата или дел од средствата од ставот (1) на овој член да не ги врати до крајот на тековната фискална година, на невратените средства од почетокот на наредната фискална година започнува да се пресметува камата во висина од 2% на годишно ниво до конечната исплата.

(5) Трезорот ја врши наплатата на невратените средства од краткорочната позајмица со пресметана камата со повлекување на средства од сметката на општината во висина на расположливите средства, а по извршените плаќањата за плати од страна на општината и извршувањето на претходно добиени налози за извршување.

Долгорочна позајмица од Буџетот на Република Македонија

**Член 43-б**

(1) За надминување на состојбата на недостиг на парични средства, односно временска неусогласност на приходите и другите приливи со расходите и другите одливи, доколку истата не може да се надмине со одобрување на краткорочна позајмица, на општината може да и се одобри долгорочна позајмица без камата од Централниот буџет на Република Македонија со обврска за враќање најмногу до десет години, од денот на одобрувањето.

(2) Долгорочната позајмицата на општината од Централниот буџет на Република Македонија ја одобрува Владата на Република Македонија со одлука, на предлог на министерот за финансии по претходно доставено писмено барање од општината.

(3) Во Одлуката од ставот (2) на овој член се утврдува износот, рокот и динамиката на отплата на одобрената долгорочна позајмица.

(4) Министерот за финансии поблиску го пропишува начинот на постапување при одобрување и враќање на долгорочната позајмицата на општината од Централниот буџет на Република Македонија.

(5) Во случај општината да не го отплати годишниот ан/ уитет, согласно со одлуката од ставот (2) на овој член, на достасаните, а ненаплатени ануитети, започнува да се пресметува камата во висина од 2% на годишно ниво до конечната исплата.

(6) Трезорот ја врши наплатата на неисплатениот годишен ануитет со пресметана камата со повлекување на средства од сметката на општината во висина на расположливите средства, а по извршените плаќања за плати од страна на општината и извршувањето на претходно добиени налози за извршување.

## IX. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Општи начела

**Член 44**

(1) Фискалната децентрализација според овој закон се спроведува во фази и подразбира воспоставување на механизам за финансирање на општините кој е транспарентен и заснован на објективни критериуми и мерила.

(2) Трансферите од Буџетот на Република Македонија и буџетите на фондовите се реализираат истовремено со трансферот на надлежностите на општините, согласно со Законот за локалната самоуправа и другите закони од соодветните области.

(3) Фазниот пристап на фискалната децентрализација согласно со овој закон се заснова на следниве начела:

- постепено пренесување на надлежностите во согласност со капацитетот на општините за преземање на овие надлежности;
- правично и соодветно обезбедување на средствата за ефикасно и непречено извршување на пренесените надлежности и
- намалување на средствата во Буџетот на Република Македонија и фондовите за функциите што ќе се пренесат во надлежност на општините.

Трансфер на средства во првата фаза од децентрализацијата

**Член 45**

(1) Во првата фаза пренесувањето на средствата на општините ќе започне со отпочнување на примена на овој закон. Трансфер на дотациите од Буџетот на Република Македонија ќе се врши на следниов начин:

- Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии најдоцна два месеца пред отпочнување на примената на овој закон ќе донесе Уредба за методологија за распределба на приходите од данок на додадена вредност по општини за 2005 година и Министерството за финансии со буџетскиот циркулар ќе ги извести општините за износите на приходите од данок на додадена вредност планирани во Буџетот на Република Македонија;
- Владата на Република Македонија на предлог на надлежните министерства најдоцна два месеца пред отпочнувањето на примената на овој закон ќе донесе Уредба за методологија за распределба на капиталните и наменските дотации без средствата наменети за плати и Министерството за финансии со буџетскиот циркулар ќе ги извести општините за планираните износи на овие дотации;
- општините до 31 декември 2004 година ќе започнат со спроведување на планот за решавање на заостанатите обврски кои произлегуваат од долгови кон изведувачите и другите доверители за обврски настанати заклучно со 31 декември 2001 година. Активностите за решавање на заостанатите обврски ќе ги координира Министерството за финансии и
- најмалку 90% од вкупниот број општини во кои живее најмалку 90% од населението во Република Македонија:

а) во рамките на општинската администрација да имаат најмалку двајца вработени кои се квалификувани да работат во областа на финансиското управување, подготвувањето на буџетот, неговото извршување, сметководството и финансиските извештаи и

б) во рамките на општинската администрација да имаат најмалку тројца вработени, кои се квалификувани да работат на утврдување и наплата на даноци.

(3) Владата на Република Македонија ќе формира Комисија која оценува дали се исполнети условите од ставот (2) на овој член.

Трансфер на средства во втората фаза од децентрализацијата

**Член 46**

(1) Блок дотациите во јавните установи што вршат работи согласно со надлежностите од членот 22 став (1) точки 5, 7, 8 и 9 од Законот за локалната самоуправа, се пренесуваат од Буџетот на Република Македонија на определена општина кога:

- ги исполнила условите од првата фаза;
- покажува добри финансиски резултати во работењето во период од најмалку 24 месеци;
- за добрите резултати од работењето навремено и правилно го известува Министерството за финансии и тоа е потврдено од Министерството за финансии и
- нема заостанати ненамирени обврски кон добавувачи или кон кои било други доверители, кои ги надминуваат условите на плаќање што се вообичаени.

(2) Блок дотациите од ставот (1) на овој член се доделуваат на општините кои ќе ги исполнат условите, по претходно писмено барање поднесено до надлежното министерство и до Министерството за финансии.

Комисија за следење и оценка на исполнетоста на условите за преминување во втора фаза од процесот на фискалната децентрализација

**Член 46-а**

(1) Владата на Република Македонија формира Комисија за следење и оцена на исполнетоста на условите за преминување во втора фаза од процесот на фискалната децентрализација по предлог на министерот за финансии.

(2) Комисијата за следење и оцена на исполнетоста на условите за преминување во втора фаза од процесот на фискалната децентрализација е составена од претставници на:

- Министерство за финансии, претседател на комисијата и член,
- Министерство за локална самоуправа, еден член,
- Министерство за образование и наука, еден член,
- Министерство за труд и социјална политика, еден член,
- Министерство за култура, еден член,
- Заедница на единиците на локалната самоуправа, три члена и
- надворешен експерт, еден член.

(3) Комисијата за следење и оцена на исполнетоста на условите за преминување во втора фаза од процесот на фискалната децентрализација:

- ја следи исполнетоста на критериумите за исполнување на условите од членот 46 став (1) алинеи 2, 3 и 4 на овој закон за влез во втора фаза на фискалната децентрализација,
- врши оцена за исполнетост на критериумите од алинејата 1 на овој став, изразени во поени, а врз основа на периодични финансиски извештаи и
- доставува извештај за извршената евалуација за исполнетост на условите на општините за преминување во втора фаза на фискалната децентрализација до Министерството за финансии.

(4) Министерството за финансии доставува информација за преминување на општините во втора фаза од процесот на фискалната децентрализација до Владата на Република Македонија, врз основа на извештајот од ставот (3) алинеја 3 на овој член.

(5) Комисијата од ставот (1) на овој член за својата работа донесува деловник за работа.

(6) Административните работи за потребите на Комисијата за следење и оцена на исполнетоста на условите за преминување во втора фаза од процесот на фискалната децентрализација ги врши Министерството за финансии.

(7) Комисијата за следење и оцена на исполнетоста на условите за преминување во втора фаза од процесот на фискалната децентрализација престанува со своето работење со преминувањето на сите општини во втората фаза на процесот на фискалната децентрализација.

**IX-а НАДЗОР**

**Член 46-б**

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството за финансии.

(2) Инспекцискиот надзор го врши Финансиската инспекција во јавниот сектор преку финансиски инспектори.

## X. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

Прекршоци

### Член 47

(1) Глоба во износ од 1.500 евра до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на градоначалникот на општината, ако:

- општината го надмине ограничувањето од 30% од реализираните вкупни приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната фискална година по основ на краткорочно задолжување и краткорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија во текот на фискалната година (член 19 став(2)),

- не го достави договорот за заем и амортизационен план до Министерството за финансии во рок од десет работни дена од денот на неговото потпишување (член 18 став (4));

- не го извести Министерството за финансии за издадените гаранции во рок од десет работни дена од денот на издавање на гаранцијата (член 21 став (3));

- не се придржува на роковите за подготвување, предлагање и доставување на донесување на буџетот (член 27);

- не се придржува на рокот за донесување на буџетот (член 28);

- не се предложи на советот на општината усогласување на приходите и расходите со одлука за изменување и дополнување на буџетот (член 29);

- не се придржува на роковите за подготвување и доставување на периодичните финансиски извештаи (член 32);

- не се придржува на роковите за донесување и доставување на годишната сметка (член 33 став (3));

- одреди одговорен сметководител кој не ги исполнува утврдените услови (член 36);

- општината не ги подготви и донесе актите во согласност со утврдените процедури и рокови (член 41 ставови (3), и (5));

- неточно ги прикаже вкупните расходи и не ги користи за намените одредени со буџетот (член 22 став (2)) и

- не ги користи средствата за утврдените намени и презема обврски над износите на трошоците утврдени со годишниот буџетски документ (член 26).

(2) Глоба во износ од 5.000 евра до 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на градоначалникот на општината, ако:

- општината воспостави заложно право врз имот кој служи за вршење на дејности од јавен интерес утврдени со закон (член 18-а);

- општината не ги користи средствата обезбедени со долгорочно задолжување согласно со утврдената намена (член 20 став 5));

- општината го надмине ограничувањето од 30% од вкупните приходи на тековно – оперативниот буџет на општината во претходната фискална година за вкупната годишна отплата на долгот (главнина, камата и други трошоци), направен врз основа на долгорочно задолжување и долгорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија ( член 20 став (3))

- општината не се придржува на условите за висината на вкупниот непристигнат долгорочен долг ( член 20 став (4)) и

- не донесе Одлука за прогласување на финансиска нестабилност (член 39 став (2)).

(3) За сторените прекршоци од став (1) и (2) од овој член, финансиските инспектори се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за издавање на прекршочен платен налог, пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка.

(4) Доколку финансискиот инспектор констатира прекршок, составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Записникот го потпишува финансискиот инспектор и сторителот.

(5) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар, финансискиот инспектор веднаш ќе издаде прекршочен платен налог.

(6) Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука.

(7) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(8) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (7) на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(9) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот (7) на овој член, финансискиот инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

(10) Финансискиот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози од ставот (5) на овој член и за исходот на покренатите постапки.

(11) Во евиденцијата од ставот (10) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(12) Личните податоци од ставот (11) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(13) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

(14) За прекршоците предвидени во овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

## XI. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Преземање на вработените и на имотот на подрачните единици на Министерството за финансии

**Член 48**

(1) Општината сметано од денот на отпочнување на примената на овој закон, презема дел од вработените од Министерството за финансии - Одделение за финансиски и заеднички работи кои извршуваат работи на сметководство и финансиско управување.

(2) Просториите, опремата и средствата за работа на Одделението за финансиски и заеднички работи се преземаат согласно со бројот на преземените работници.

(3) Архивата и документацијата што се однесуваат на надлежностите што се пренесуваат од Одделението за финансиски и заеднички работи на Министерството за финансии, се преземаат согласно со закон и со друг пропис.

Преземање на дел на работите на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи

**Член 49**

(1) Општината, сметано од денот на отпочнувањето на примената на овој закон , ги презема вработените од Министерството за финансии - Управа за јавни приходи од регионалните дирекции и даночни одделенија кои ги извршуваат тие работи.

(2) Просториите, опремата и средствата за работа од регионалните дирекции и даночни одделенија на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи се преземаат согласно со бројот на преземените работници.

(3) Архивата и документацијата од регионалните дирекции и даночни одделенија на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи се преземаат согласно со закон и со друг пропис.

**Член 50 е избришан.**

Општински фондови

**Член 51**

(1) Со денот на примената на овој закон се укинуваат општинските фондови кои имаат статус на правни лица.

(2) До денот на примената на овој закон општинските фондови од ставот (1) на овој член се должни да ги затворат сметките отворени во деловните банки.

(3) Вработените, имотот, опремата, средствата за работа, архивата и документацијата на општинските фондови од ставот (1) на овој член, се преземаат од новоформираната општина.

(4) Ненаплатените побарувања и ненамирените обврски на општинските фондови се преземаат во буџетот на општината.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 52

Одредбата од членот 45 став (2) алинеја 3 на овој закон ќе се применува со денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 53

Одредбите од членот 37 ќе отпочнат со примена една година по влегувањето во сила на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

### Член 54

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон престануваат да важат членовите 4-ѓ, 4-е, 4-ж, 4-з, 5, 6, 6-а, 8, 19 и 46-а од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" број 79/93, 3/94, 71/96, 46/2000, 11/2001,93/2001, 46/2002 и 24/2003).

### Член 55

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2005 година.

## ВАЖЕЧКИ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ОД НОВЕЛИТЕ НА ЗАКОНОТ

I. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/11

### Член 11

Започнатите постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се спроведат според одредбите на овој закон.